Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), член член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем "Злетовица" Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-7229/2 од 28.06.2018 година, Директорот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип донесе

бр. 04-599/13
17.08.18

# ОДЛУКА
## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2018 за вработување на неопределено време на работник-помошно техничко лице во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип

**Член 1**

1. По Јавниот оглас број 01/2018 објавен во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" на 01.08.2018 година, за вработување на неопределено време на работник – помошно техничко лице во ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, 1 (еден) извршител на работното место **Возач на лека кола или теренски џип, со шифра КДР 04 03 А02 001** се избира кандидатот:
   - **Зоран Арсов од с.Горни Стубол, Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидат кој ги исполнува условите и предлог одлука за избор по Јавен оглас бр.01/2018.
3. Избраниот кандидат ќе бидат вработен на работното место за кое беше распишан јавниот оглас по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе биде известен пијавениот кандидат.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип и на огласна табла на јавното претпријатие.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 01.08.2018 година во дневните весници "Нова Македонија" и "Коха" и на веб страната на јавното претпријатие и Агенцијата за вработување на РМ објавен е Јавен оглас бр.01/2018 за вработување на неопределено време на работник-помошно техничко лице во ЈП Хидросистем "Злетовица" Пробиштип, 1 извршител на работното место Возач на лека кола или теренски џип со шифра КДР 04 03 А02 001.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на неопределено време на работник-помошно техничко лице, по пат на јавен оглас бр.01/2018, формирана од Директорот со решение бр.04-599/7 од 09.08.2018 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-599/11 од 10.08.2018 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат, за кое состави записник бр.04-599/12 од 14.08.2018 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Јавниот оглас бр.01/2018.

Врз основа на финалната ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, за работно место Возач на лека кола или теренски џип, предвидено во Јавниот оглас бр.01/2018, Директорот на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС "Злетовица" Пробиштип.

Пробиштип

ЈП ХС "Злетовица"
Директор
Миле Илиевски